# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 16/2020
## 02.11.2020 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука а доделување на награда 8ми Ноември**

Се објавува Одлука за доделување на наград 8ми Ноември , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година.

Бр.09-549/1
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( Сл.гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20) , член 3 и 6 од Одлуката за востанување на општинските награди и признанија ( Сл. гласник на општина Неготино бр. 7/01) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на награда 8ми Ноември за 2020 година**

**Член 1**

Се доделува наградата 8ми Ноември на :

- Др - Силвана Филипова – од областа на медицината

**Член 2**

Наградата 8 ми Ноември и се доделува за остварени резулатати во областа на медицината , поточно во областа на дефектологијата насока логопедија . Во својата богата работна кариера има остварено значајни резултати по што е позната и ценета како во РСМ така и надвор од неа.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-542/3
30.10.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за доделување на признанија 8ми Ноември**

Се објавува **Одлука за доделување на признанија 8ми Ноември,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.10.2020 година.

Бр.09-549/2
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( Сл.гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20) , член 4 и 6 од Одлуката за востанувањето на општински награди и признанија ( Сл.гласник на општина Неготино бр. 7/01), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2020 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За доделување на признание 8ми Ноември за 2020 година

Член 1

Се доделува признание на 8 ми Ноември :

1. **Ѓорѓина Димова – во областа на образованието**
2. **Здружение „ЕКОВИТА" – општествена одговорност**
3. **Илија Апостоловски – во областа на спортот**
4. **Димитар Аврамов – хуманитарна дејност**

Член 2

Признанијата им се доделуваат за остварени резултати во областа на локалниот економски развој,екологијата, спортот, образованието и хуманитарната дејност помеѓу двата празника ,, 8ми Ноември,, и нивниот придонес во развојот, афирмацијата на општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-542/4
30.10.2020 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во општина Неготино**

Се објавува **Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година.

Бр.09-549/3
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) член 79 ст. 1 т.50 , чл.112 ст. 3 од Статутот на општина Неготино ( Сл. гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20) , чл.46 од Законот за градење ( Сл.весник на РСМ 32/20) Советот на општина Неготино на ден 30.10.2020 година донесе

# Д Е Л О В Н И К

## З А РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТНА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Член 1**

(1) Со овој Деловник се уредуваат прашањата на постапката и начинот на работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Неготино (во понатамошниот текст: Партиципативното тело), како и други прашања од надлежноста на Партиципативното тело.

**Член 2**

(1) Цел на Партиципативното тело е да ги претставува сите различни интереси и интересни групи во Општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

(2) Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

(3) Работата на Партиципативното тело е јавна.

**Член 3**

(1) Партиципативното тело се формира од страна на Градоначалникот на Општина Неготино, врз основа на членовите 112 – 115 од Статутот на Општина Неготино, а согласно одредбите на Член 46 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20).

(2) Градоначалникот со Решение за формирање ги назначува сите членови на Партиципативното тело.

(3) Градоначалникот со Решението ги назначува и Претседателот и Заменик претседателот на Партиципативното тело.

(4) Градоначалникот може со Решение да разреши членови на Партиципативното тело, како и да ги замени Претседателот и / или Заменик претседателот.

(5) Со секое Решение за изменување на структурата на Партиципативното тело, задолжително се констатира вкупниот број на членови настанат по измените од Решението.

## Член 4

(1) Партиципативното тело има најмалку 9 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува.
(2) Моменталниот вкупен број на членови се констатира во секое Решение на Градоначалникот на Општина Неготино за формирање и / или изменување на структурата на Партиципативното тело.
(3) Членови на Партиципативното тело се:
- Во Партиципативното тело задолжително членуваат сите членови на Комисијата за урбанизам на Општина Неготино, назначени со Решение од страна на Градоначалникот на Општина Неготино. Секоја измена на составот на Комисијата за урбанизам се пресликува и во составот на Партиципативното тело.
- Во Партиципативното тело членува најмалку едно стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа. Овој член се именува и разрешува за секој предмет засебно.
- Во Партиципативното тело може да членуваат и доброволно пријавени лица – претставници на здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на Општината.

(4) Учеството на лицата вработени во Општина Неготино во Партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во Општината учеството е на доброволна основа.
(5) За работата на Партиципативното тело не следува надоместок.

## Член 5

(1) За вклучување во работата на доброволно пријавените лица, Општината објавува јавен оглас најмалку еднаш на секои 4 (четири) години, кој се објавува на веб страната на Општина Неготино, како и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.
(2) Сите поднесени пријави се разгледуваат од страна на Градоначалникот и за решението по однос на нивната пријава писмено се известуваат.
(3) Доброволно пријавените лица чии што пријави се прифатени стануваат членови на Партиципативното тело.
(4) Доброволно пријавените лица кои станале членови на Партиципативното тело можат своето членство да го повлечат, за што писмено го известуваат Градоначалникот.
(5) Доброволно пријавените членови на Партиципативното тело кои нема да се одѕиваат на повиците, не присуствуваат на седниците и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело можат да бидат разрешени од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.
(6) Во случаите од став (4) и став (5) на овој Член, Градоначалникот изготвува Решение за изменување на структурата на Партиципативното тело.

**Член 6**

(1) Партиципативното тело работи на седници.
(2) Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на секои 2 (два) месеци.
(3) Работата на Партиципативното тело е јавна.
(4) Седниците на Партиципативното тело ги свикува и со истите раководи Претседателот, а во случај на негова спреченост Заменик претседателот.
(5) Повиците за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело најдоцна на 5 (пет) денови пред одржување на седницата.
(6) На почетокот на секоја Седница се утврдува моменталниот вкупен број на членови на Партиципативното тело, а согласно последно изготвеното Решение од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.
(7) Седницата на Партиципативното тело може да се одржи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.
(8) Партиципативното тело одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.
(9) На седниците на Партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на Општина Неготино, без право на одлучување.

**Член 7**

(1) За работата на седницата на Партиципативното тело се води Записник.
(2) Записникот го води лице одредено од Претседателот или Заменик претседателот на Партиципативното тело.
(3) Донесените заклучоци и мислења од расправата се изготвуваат во писмена форма.
(4) Примероци од материјалите од ставовите (2) и (3) на овој член се доставуваат до Градоначалникот на Општина Неготино и до Одделението за урбанизам и заштита на животната средина на Општина Неготино.

**Член 8**

(1) Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Неготино на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишна програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Неготино и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.
(2) На седниците на советот Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.
(3) Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на советот по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик претседателот.
(4) Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело, и членовите чии мислења и заклучоци не биде донесени со мнозинство на гласови од страна на Партиципативното тело или кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Неготино и да ги презентираат своите мислења.

**Член 9**

(1) Претседателот на Партиципативното тело е назначен од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.
(2) Претседателот на Партиципативното тело:
- Ја координира работата на Партиципативното тело;
- Ги свикува седниците на Партиципативното тело;
- Го утврдува дневниот ред на седниците на Партиципативното тело;
- Ги презентира мислењата и заклучоците на Партиципативното тело пред Градоначалникот и пред Советот на Општина Неготино.

**Член 10**

(1) Заменик претседателот на Партиципативното тело е назначен од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.
(2) Во случај на времена спреченост на Претседателот, Заменик претседателот на Партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на Претседатолот, сè до престанување на спреченоста.

**Член 11**

(1) Овој Деловник за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Неготино го донесува Советот на Општина Неготино, а согласно одредбите на Член 36 став (7) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20).
(2) Изменувањето и дополнувањето на Деловникот се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување.
(3) Деловникот за работа и неговите изменувања и дополнувања се објавуваат во „Службениот гласник на Општина Неготино“.

**Член 12**

(1) Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Неготино влегува во сила на осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Неготино“, а ќе започне да се применува со донесување на Решение за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Неготино од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.

Совет на општина Неготино
бр.08-542/5 Претседател
30.10.2020 година Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2019/2020 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2019/2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година.

Бр.09-549/4
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 9 od Zakonot za lokalnata samouprava (,,Sl.vesnik na RM,, br.5/02) i ~len 79 stav 1 to~ka 33 od Statutot na Op{tina Negotino (,, Sl.glasnik na Op{tina Negotino,, br. br.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 i 16/14, 13/20 ), Sovetot na Op{tina Negotino na sednicata odr`ana na den 30.10.2020 godina go usvoi sledniot

**Z A K L U ^ O K**

1. Sovetot na op{tina Negotino го усвои Годишната извештај за работа на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2019/2020 година.

2. Ovoj zaklu~ok vleguva vo sila so denot na objavuvaweto vo „ Slu`ben glasnik na op{tina Negotino“.

**Sovet na op{tina Negotino**
**Pretsedatel,**

**Dime Vitanov c.p.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2020/2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2020/2021 година ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година**.**

Бр.09-549/5
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 9 od Zakonot za lokalnata samouprava (,,Sl.vesnik na RM,, br.5/02) i ~len 79 stav 1 to~ka 33 od Statutot na Op{tina Negotino (,, Sl.glasnik na Op{tina Negotino,, br. br.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 i 16/14, 13/20 ), Sovetot na Op{tina Negotino na sednicata odr`ana na den 30.10.2020 godina go usvoi sledniot

**Z A K L U ^ O K**

1. Sovetot na op{tina Negotino ја усвои Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ Фемо Кулаков“ Неготино за учебната 2020/2021.

2. Ovoj zaklu~ok vleguva vo sila so denot na objavuvaweto vo „ Slu`ben glasnik na op{tina Negotino“.

бр.08-542/ 7
30.10.2020 година

**Sovet na op{tina Negotino**
**Pretsedatel,**
**Dime Vitanov c.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно ушење „ Неготино„ Неготино за 2021**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно ушење „ Неготино„ Неготино за 2021,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година**.**

Бр.09-549/6
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**

**Тони Делков с.р.**

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 9 od Zakonot za lokalnata samouprava (,,Sl.vesnik na RM,, br.5/02) i ~len 79 stav 1 to~ka 33 od Statutot na Op{tina Negotino (,, Sl.glasnik na Op{tina Negotino,, br. br.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 i 16/14, 13/20 ), Sovetot na Op{tina Negotino na sednicata odr`ana na den 30.10.2020 godina go usvoi sledniot

**Z A K L U ^ O K**

1. Sovetot na op{tina Negotino ја усвои Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ,,Неготино“ Неготино за 2021 година.

2. Ovoj zaklu~ok vleguva vo sila so denot na objavuvaweto vo „ Slu`ben glasnik na op{tina Negotino“.

бр.08-542/ 8

30.10.2020 година

**Sovet na op{tina Negotino**
**Pretsedatel,**
**Dime Vitanov с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за ослободување од партицапација за престој на деца Роми во ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино во учебната 2020/2021**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно ушење „ Неготино„ Неготино за 2021,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2020 година**.**

Бр.09-549/7
02.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на ЧЛЕН 36 СТ.1 Т. 15 ОД Законот за лОкална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( Сл.гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2020 година ја донесе следната

***О Д Л У К А***

**За ослободување од партиципација**

**Член 1**

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на партиципација деца Роми на возраст од 3-6 години кои ја посетуваат ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино во учебната 2020/2021 година.

**Член 2**

Вклучувањето на децата Роми од став 1 од оваа Одлука во воспитно образовниот процес во ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино ќе се реализира согласно Протоколот за активностите за работа во јавните установи за згрижување и воспитување на деца како дел од мерките за спречување на внесувањето и ширењето на коронавирусот COVID 19.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-542/9
30.10.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 16/2020

1. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на награда 8ми Ноември
2. Одлука за доделување на награда 8ми Ноември
3. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на признанија 8ми Ноември
4. Одлука за доделување на признанија 8ми Ноември
5. Заклучок за објавување на Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во општина Неготино
6. Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во општина Неготино
7. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за учебната 2019/2020 година
8. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за учебната 2019/2020 година

9. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за учебната 2020/2021
10. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино за учебната 2020/2021
11. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ,,Неготино,, Неготино за 2021
12. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ,,Неготино,, Неготино за 2021
13. Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од партиципација за престој на деца Роми во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино во учебната 2020/2021 година
14. Одлука за ослободување од партиципација за престој на деца Роми во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино во учебната 2020/2021 година